АД за проектирање и производство на
електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје

Примено: 30-05-2022

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0202 | 35 | | |

# П Р Е Д Л О Г

На кандидат за член на Одбор на директори во АД Раде Кончар – Апаратна техника - Скопје за Собранието на акционери кое ќе се одржи на 27.06.2022 г.

## Татјана Вељковиќ

за

<u>независен член на Одборот на директори</u>

| Р.бр. | Предлагач: Име и Презиме | Бр. на акции | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1. | Дарко Стојков | 14.346 | |
| 2. | Јана Стојкова Кочевска | 15,566 | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| 11. | | | |
| 12. | | | |
| 13. | | | |
| 14. | | | |
| 15. | | | |
| 16. | | | |
| 17. | | | |
| 18. | | | |
| 19. | | | |
| 20. | | | |
| 21. | | | |
| 22. | | | |
| 23. | | | |
| 24. | | | |
| 25. | | | |
| 26. | | | |
| 27. | | | |
| 28. | | | |
| 29. | | | |
| 30. | | | |

**Вкупно:** 29.912 **или** 14,5 **%**

**Татјана Вељковиќ**
Е-маил: tatjana.veljkovich@gmail.com

**Работно искуство:**

**Април 2016 – тековно**
**СПМГ Капитал** – Друштво за управување со фондови

Постар инвестициски советник - деловна и финансиска анализа на компании заради вложување на сопственички капитал на инвестициски фонд во нив, вклучително и: длабинска анализа, подготовка на деловен план, подготовка на финансиски модел за најмалку 5 години во иднина.

**Април 2016 – тековно**

Small Enterprises Assistance Fund Macedonia – СЕАФ Македонија, дел од глобален управувач со фондови СЕАФ (www.seaf.com) кој обезбедува капитал за раст и оперативна поддршка на бизниси во земји во развој.

Консултант за работа со портфолио компании во област на финансии.

**Сеп. 2011 – Март 2016**

Влада на Р.Македонија – Генерален Секретаријат
Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции

Државен советник за конкурентност и соработка со меѓународни организации – Дек 2014 – Март 2016
Советник за конкурентност и соработка со меѓународни организации – Сеп.2011 – Нов. 2014

Секторот за економски политики, структурни реформи и инвестиции врши поддршка на работата на вицепремиерот на Владата на РМ задолжен за економски прашања

**Јануари 2011 – Март 2012**

УНИЛАМ, Скопје

Финансиски советник за мали и средни претпријатија

Развој и реализација на специјализирани проекти за мали и средни претпријатија од областа на финансии и општ менаџмент вклучувајќи: воспоставување на параметри за следење на работењето, буџетирање и контрола, обезбедување на извори за финансирање, управување со приливи и одливи (парични текови), и планови за наградување на продажни тимови.

**Јули 2009 – Јануари 2011**

ОНЕ Телекомуникациски оператор, Скопје (дел од групација на Телеком Словенија)

Главен директор за финансии, и

Неизвршен член на Одбор на директори на Оне то Оне (поврзана фирма на ОНЕ) во период Април 2010 – Јануари 2011

Управување со 5 оддели со вкупно 70 вработени во компанија со над 60 мил.евра годишен промет, односно со: оддел за сметководство, оддел за финансиски контролинг, оддел за наплата на проблематични побарувања, оддел за набавка, и централен магацин.

Достигнувања:

- Воведување на оддел за наплата на проблематични побарувања, чија што функција директно допринесуваше и за зголемвањето на продажбата како и за подобрување на грижата за деловните корисници на компанијата.
- Подобрување на финансиската контрола во 28 малопродажни објекти на компанијата.
- Реорганизација на одделот за сметководство заради поефикасен проток на документи и нивно процесирање во рамки на компанијата и сметководствениот оддел.
- Подобрување на процесот на контрола и процесирање на нарачки во рамки на постоечкиот ЕРП систем.
- Оперативно спојување на поврзана компанија кон компанијата ОНЕ.
- Воведување на планирање на приливи и одливи (готовински тек) и контрола на ливидност.

**Април 2009 – Јуни 2009**

Он.Нет ДОО, Скопје (дел од групација на Телеком Словенија) – телекомуникациски оператор за интернет и фиксна телефонија

Извршен член на одбор на директори задолжен за надзор над сметководството и финансиите на компанијата.

**Септември 2000 – Март 2009**

Small Enterprises Assistance Fund Macedonia – СЕАФ Македонија, дел од глобален управувач со фондови СЕАФ (www.seaf.com) кој обезбедува капитал за раст и оперативна поддршка на бизниси во земји во развој. СЕАФ Македонија инвестираше сопственички капитал во ранг од 300.000 – 1.000.000 УСД по проект во локални компании со висок потенцијал за раст.

Постар инвестициски советник - деловна и финансиска анализа на компании заради вложување на сопственички капитал на инвестицискиот фонд во нив, вклучително и: длабинска анализа, подготовка на деловен план, подготовка на финансиски модел за најмалку 5 години во иднина.

**Октомври 1997 – Септември 2000**

**Македонски Деловен Центар** - Macedonian Business Resource Center - MBRC

Проект на УСАИД за техничка помош на мали и средни претпријатија во РМ

Специјалист за финансии – локален специјалист за финансии за поддршка на работата на постари експерти од САД и Западна Европа – советодавни услуги на мали и средни претпријатија за подготвување на финансиски дел од деловен план, анализа на финансиски извештаи, планирање на приливи и одливи (готовински тек), буџетирање, и трошковна анализа.

**Јануари 1997 – Октмври 1997**

ЕМКО Трејд, Скопје – трговија со изолациони материјали за градежништво, агент на Термика Р.Хрватска

Аналитичар за продажба и административен асистент – задолжена за: евиденција на продажба, анализа на продажба, наплата на побарувања, коресподенција со странски добавувачи, проследување на нарачки, и контрола на залиха.

**Април 1996 – Декември 1996**

**ИНО Спектар, Скопје – производство и трговија со безалкохолни пијалоци**

Соработник за финансиско сметководствени работи – задолжена за: фактурирање, евиденција на плаќања, пресметка на данок на промет (пред воведувањето на ДДВ), контрола на залихи, извештаи за продажба.

**<u>Образование:</u>**

Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје – Економски факултет
Дипломиран економист по деловна економија (дипломирана 1995 година)

**<u>Вештини:</u>**

Microsoft Office, работа со сметководствени програми, работа со програми за управување со клиенти (CRM - Customer Relationship Managment)

Пишан и говорен англиски и српскохрватски јазик